# НОВО срце



**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 103, Дата: 24. 10. 2011г**

## АЛЧНОСТА



Една стара басна, која што ја напишал Езоп, зборува за алчноста на едно куче. Еден ден, тоа успеало да дојде до голема и сочна коска. Задоволно од „пленот“, ја грабнало коската и си тргнало накај дома. По пат, требало да помине по мост, под кој се движела длабока река. Минувајќи по мостот, со коската во устата, погледнало во водата и го видело својот одраз. Помислило дека гледа друго куче и друга коска. Дури таа коска му се чинела многу поголема, така што веќе не било задоволно со својата коска.Толку очајнички ја посакало другата коска што ја испуштило својата, за да го преплаши „другото куче“. Се разбира, во водата немало друго куче. Неразумното куче, обидувајќи се да дојде до коска што не постои, ја испуштило својата коска во водата. Сега тоа останало без ниту една!

Таква е природата и на човековата алчност. Алчноста прави да не сме задоволни со она што го имаме и да посакуваме се повеќе и повеќе. Во обид да добиеме тоа што го посакуваме, најчесто го губиме и она коешто веќе го имаме.



Библијата вели дека алчноста е причина за многу зли постапки, кои се појавуваат помеѓу луѓето. Апостол Павле го запишал следново: "***Алчноста за пари е корен на сите зла. Некои луѓе се толку алчни по пари, што дури и од верата скршнаа и си нанесоа многубројни болки***" **(1. Послание на Павле до Тимотеј 6:10)**

Ако размислиме повеќе ќе се увериме дека навистина е така:
**Прељубата** е резултат на алчност; „сакам туѓа жена“.
**Кражбата** е резултат на алчност; „го сакам туѓото“.
**Многу убиства** се резултат на алчност: „ќе го лишам од живот и потоа се ќе биде мое.
**Војните** често се резултат на алчност: „сакам да имам поголема територија“.

Алчноста најчесто е изразена преку љубовта кон парите. Во својата опсесија, да создаде што е можно повеќе пари и богатство, човекот заборава дека има и поважни работи. Во таква состојба, тој е спремен да ја запостави и својата душа и неговиот однос со Бога



Токму затоа, Исус рече дека е многу тешко за богатите луѓе да влезат во Царството Божјо. Кога богатиот млад владетел го праша Исус што треба да направи за да го наследи вечниот живот, Исус му рече да го продаде целиот свој имот и даде пари на сиромашните. Кога младиот човек го чу тоа, отиде тажен, бидејќи имаше големо богатство (Матеј 19:16-22). Исус го истакна главниот проблем на младиот човек: ***„алчноста“.*** Овој богат човек не можеше да го следи Христос, бидејќи неговата љубов кон парите беше поголема од љубовта кон Бога. Во желба да има повеќе, тој изгуби сé.

**Уредници: Горан Илиев, Иле Камчев и Ацко Ѓорѓиев.**
**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**